**Известување за концентрација со која Принц Саб Инк, Соединети Американски Држави ќе стекне целосна контрола над Ворнер Брос. Дискавери, Инк., Соединети Американски Држави**

**(предмет бр. 08-63 од 2026 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.03.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Принц Саб Инк. Со регистриранп седиште на адреса 1515 Бродвеј, Њујорк, Њујорк 10036, Соединети Американски има намера да стекне целосна контрола над Ворнер Брос. Дискавери, Инк. со регострирано седиште на 230 Парк Авенија Саут, Њујорк, NY 10003, Соединети Американски Држави.

-**Принц Саб Инк** е целосно контролирано зависно друштво на Парамаунт Скајденс Корпорејшн, јавно котирано друштво во Соединети Американски Држави, со главно седиште на 1515 Бродвеј, Њујорк, NY 10036, Соединети Американски Држави (PSKY). PSKY е глобална медиумска, стриминг и забавна компанија која создава содржини и искуства за публика ширум светот, вклучувајќи филмови, телевизиски серии и анимација. PSKY нема правно присуство во Република Северна Македонија.

-Целното друштво е **Ворнер Брос. Дискавери, Инк.** (WBD). WBD е јавно котирано глобално медиумско и забавно друштво од САД кое создава и дистрибуира разновидно портфолио на содржини и производи преку телевизија, филм, стриминг и интерактивни игри. Целниот субјект нема никакво правно присуство во Северна Македонија.

На 27 февруари 2026 година, PSKY и WBD склучиле договор („Договор за спојување“). Согласно условите на Договорот за спојување, PSKY ќе плати 31,00 USD по акција во готово за сите издадени и ненаплатени акции на WBD

Релевантниот пазар за концентрацијата е пазарот на обезбедување аудиовизуелни услуги во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

30.03..2026 година

Скопје